**Триглав Осигурување АД**
Бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Клаузула за осигурување од пожар на ускладиштена стока што не е во сопственост на осигуреникот (туѓа стока)

КЛ-пож-т6
12-1-мк

[1] Осигурувачот се одрекува од можноста за суброгација спрема договорувачот на осигурувањето, која би ја имал согласно Законот за облигационите односи, доколку по оваа полиса би платил оштета на осигуреникот, односно на сопственикот на стоката (предметите) за настаната штета.
[2] Осигурувачот исто така гарантира за оштетните побарувања за настаната штета на туѓа ускладиштена стока во кругот на складиштето наведено во полисата, ако такво барање спрема договорувачот на осигурувањето поднесе лице кое веќе ја платило штетата за таа стока.
[3] Осигурувачот ги признава само оние оштетни побарувања, во висина која инаку би ја исплатил како надомест од осигурување, за штети на туѓа стока по таа полиса.
[4] Осигурувачот ги исплаќа оправданите оштетни побарувања на трето лице само во согласност со осигуреникот, односно сопственикот на туѓата стока.